Предлагачи : Група пратеници

П Р Е Д Л О Г НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, февруари 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 17. 02. 2025 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 1103/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот за додадена вредност, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

1. Фатмир Битиќи
2. Јованка Тренчевска
3. Јован Митрески
4. Горан Мисовски
5. Оливер Спасовски
6. Ѓорче Цветков
7. Сања Лукаревска

**В О В Е Д**

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за данок на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија “ број 44/99, 59/99, 86/99, 11/2000, 93/2000, 8/2001, 21/03, 17/04, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 98/19, 124/19, 275/19, 267/20,163/21, 57/22, 199/23 и 3/25), е воведен данокот на додадена вредност како општ потрошувачки данок и се уредува неговото пресметување и плаќање. Со законот се определува: предметот на оданочување, даночната основа, даночните ослободувања, даночните стапки, времето на настанување на даночниот долг, даночниот должник, одбивката на претходниот данок, регистрацијата за целите на данокот на додадена вредност, административните обврски, плаќањето на данокот, како и казнените одредби.

Според постојните одредби во Законот за данокот на додадена вредност прометот и увозот на електрична енергија е предмет на одданочување според општата даночна стапка од 18%, а со цел да се овозможи пониска цени на граѓаните и намалување на нивните трошоци се предлага намалување на стапката од 18% на 5%.

Намалувањето на даночната стапка ќе има директно позитивно влијание врз трошоците на домаќинствата и стопанството, придонесувајќи кон намалување на ценовниот притисок во услови на глобална економска неизвесност и зголемени трошоци за живот.

Предложеното намалување на ДДВ за електричната енергија од 18% на 5% ќе резултира со намалување на приходите во Буџетот на Република Северна Македонија. Сепак, се очекува дека со зголемената потрошувачка и индиректните економски ефекти, како што се зголемена ликвидност на населението и подобрена конкурентност на економијата, дел од овие загуби ќе бидат компензирани. Дополнително, со оваа мерка се очекува позитивен ефект врз инфлацијата, што индиректно ќе има стабилизирачко дејство врз економијата.

Согласно пресметката едно домаќинство кое плаќало 2.000,00 денари за електрична енергија, без субвенцијата на Владата, би плаќало околу 3.455,00 денари односно 1.455,00 денари повеќе, додека пак семејство кое плаќало 5.000,00 денари за електрична енергија, без субвенцијата сметката би достигнала 8.638,00 денари или 3.600,00 денари повеќе.

Така, од 1 јануари 2023 во првите два блока имаше и намалување на цената на струјата. Крајната цена за потрошен киловат час (со вклучен пренос и дистрибуција) во првиот блок се намали за 4,11 проценти, а во вториот за 2,95 проценти. Според законската регулатива, ваква ставка имаше до 1 јули 2023, а согласно податоците што ги презентираше Регулаторната комисија за енергетика до крај на 2023 година точно 99,2

проценти од домаќинствата, според потрошувачката на електрична енергија влегоа во првата и во втората тарифа.

Цени за потрошена електрична енергија во домаќинствата до крај на 2022 година изнесуваа:

Прва тарифа kwh x 7,72 денари, втора тарифа kwh x 8,0759 денари, ниска тарифа по цена од 3,9935 денари за kwh ДДВ (5 %).

Фактура за потрошена електрична енергија во домаќинствата до 1 јули 2023 годинаПрва тарифа kwh x 7,41 денари, втора тарифа 31,9 kwh x 7,8377 денари, ниска тарифа 212,4 kwh x 4,0035 денари ДДВ (10 %)

Тарифи од 01.01 – 01.07.2023
Прва тарифа за потрошени 0 – 210 kw, минус 4,11 %
Втора тарифа за потрошени 211– 630 kw, минус 2,95 %
Трета тарифа за потрошени 631 – 1.050 kw, плус 0,85 %
Четрта тарифа за потрошени над 1.050 kw, плус 7,65 %
Ниска тарифа нема тарифирање за потрошени kw, плус 0,01 денар

И во 2023 година продолжи да важи ниската, односно евтината тарифа. Во таа тарифа се вбројува потрошувачката на електрична енергија секој работен ден и сабота од 22:00 до 07:00 часот наутро, а во недела евтината тарифа трае во текот на целиот ден, сè до понеделник во 07:00 часот наутро.

Повластената стапка од 5% за електричната енергија за домаќинствата беше применувана до 31 декември 2022 година. По овој период, стапката се зголеми на 10% од 1 јануари 2023 година.

Во изминатиот период и цените на основните животни потреби значително пораснаа поради глобалната економска криза, растот на енергетските трошоци и инфлациските притисоци. Според податоците на Статистика, трошоците за живот во декември 2024 година се зголемени за 4,4% во споредба со истиот месец една година порано. Цените на основните производи пораснале за 4,3%. За илјадници семејства, тоа значи дека основните животни потреби стануваат недостапни. Месечната плата не е доволна ниту за најосновните трошоци.

Со цел да се намали финансискиот притисок врз граѓаните, особено врз ранливите категории, со овој Предлог на закон се предлага укинување на даночната стапка за основните прехранбени производи, односно воведување на 0% ДДВ.

Намалување на цените – со елиминирање на ДДВ на основните намирници за основните животни потреби на граѓаните директно ќе се намалат за сегашните 5%, што веднаш ќе ја олесни финансиската состојба на потрошувачите.

Ова законско решение ќе има најголемо влијание врз домаќинствата со ниски примања, кои трошат најголем дел од своите приходи на храна. Укинувањето на ДДВ ќе помогне да се стабилизираат цените и да се ублажат инфлациските притисоци во прехранбениот сектор.

Земји во Европската Унија, како што се Ирска, Малта и Велика Британија, веќе применуваат нулта стапка на ДДВ за основни животни потреби.

Зголемените трошоци за основните животни потреби на граѓаните и зголемувањето на цената на електричната енергија имаат негативно влијание врз животниот стандард на граѓаните, трошоците за производството на стоки и услуги, како и врз општата економска стабилност. Намалувањето на ДДВ ќе доведе до пониски конечни цени за потрошувачите, што ќе придонесе за заштита на стандардот и за подобрување на куповната моќ.

Дополнително, оваа мерка е усогласена со европските практики, каде што многу земји членки на Европската унија веќе применуваат намалени стапки на ДДВ за електричната енергија како дел од стратегиите за заштита на потрошувачите и поддршка на економијата.

Овој Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност е во насока на поддршка на граѓаните, со цел намалување на ценовниот притисок и зголемување на економската стабилност. Очекуваните позитивни ефекти од намалувањето на ДДВ-то на електричната енергија и ослободувањето од ДДВ за основните прехрамбени производи кои се однесуваат на животните потреби на граѓаните.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Овој Предлог - закон има за цел да овозможи олеснување на финансискиот товар на граѓаните преку намалување на даночниот товар за електричната енергија и ослободување од ДДВ за основните производи за човечка исхрана. Со оваа мерка се очекува да се намалат трошоците за електрична енергија, што ќе придонесе за зголемување на расположливиот доход на домаќинствата како и заштита на животниот стандард. Овој предлог-закон најголемо позитивно влијание ќе има врз домаќинствата со ниски примања, кои трошат најголем дел од своите приходи на храна. Укинувањето на ДДВ за основните производи за човечка исхрана ќе помогне да се стабилизираат цените и да се ублажат инфлациските притисоци во прехранбениот сектор на долг рок.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Согласно со член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, предлагаме по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, Собранието да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Член 1

Во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија “ број 44/99, 59/99, 86/99, 11/2000, 93/2000, 8/2001, 21/03, 17/04, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 98/19, 124/19, 275/19, 267/20,163/21, 57/22, 199/23 и 3/25), во член 30 став (1) во точката 1 зборовите: „Основните производи за човечка исхрана“ се заменуваат со зборовите: „Електрична енергија за домаќинствата;“.

Член 2

По членот 30-в се додадва нов член 30-г кој гласи:

„30-г

(1) Се ослободува од плаќање на данок на додадена вредност врз прометот и увозот на:

1.Основните производи за човечка исхрана.

„ (2) Владата на Република Северна Македонија поблиску ги определува добрата и услугите од ставот (1) на овој член.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност содржи 3 члена.

Со член 1 од Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност се пропишува повластена даночна стапка од 5% на електрична енергија за домаќинствата.

Со членот 2 се воведува нов член 30-г со кој се уредува дека основните производи за човечка исхрана се ослободуваат од плаќање на данок на додадена вредност врз прометот и увозот и дека Владата ги определува поблиските добра и услуги кои спаѓаат во оваа категорија.

Со член 3 е уредено влегувањето во сила на законот.

### II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби имаат за цел олеснување на финансискиот товар на граѓаните преку намалување на даночниот товар за електричната енергија и ослободување од даночна стапка за основните прехрамбени производи. Со овој предлог се очекува да се намалат трошоците за електрична енергија, што ќе придонесе за зголемување на расположливиот доход на домаќинствата и подобрување на конкурентноста на стопанските субјекти, а најголемо влијание ќе има врз домаќинствата со ниски примања, кои трошат најголем дел од своите приходи за основните животни потреби.

### III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените законски решенија ќе имаат значителни економски, социјални и фискални последици.

Со предложеното законско решение ќе се зголеми стандардот на граѓаните, и се овозможува поголема потрошувачка кошничка на најранливата категорија на граѓани.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Член 30

(1) Повластената даночна стапка од 5% се применува врз прометот и увозот на:

1. Основни производи за човечка исхрана;

2. Вода за пиење од јавните системи за снабдување и одведување на урбаните отпадни води и вода за наводнување на земјоделско земјиште;

3. Публикации и тоа: книги како и електронски/дигитални учебници, брошури и слични печатени материјали, весници и други периодични публикации, детски сликовници, книги како и електронски/дигитални учебници за цртање и боење за деца и картографски производи од секаков вид, освен публикации кои служат претежно за рекламни цели, како и публикации со порнографска содржина;

4. Семенски и саден материјал за производство на земјоделски растенија;

5. Ѓубрива;

6. Средства за заштита на растенијата;

7. Фолии од пластична маса за употреба во земјоделството;

8. Земјоделска механизација

9. Лекови, вклучувајќи и лекови за ветеринарна медицина;

9-а. Менструални производи;

10. Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери);

11. Термални сончеви системи и компоненти;

12. Медицинска опрема, помагала и други уреди чијашто намена е за олеснување или третирање на инвалидност исклучиво за лична употреба од страна на инвалидни лица;

13. Сурово масло за производство на храна за човечка исхрана ;

14. Првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели и кој ќе се изврши во рок до пет години по изградбата

15. Добиточна храна, адитиви за добиточна храна и жив добиток;

16. Бебешки производи, и тоа: креветче, количка, транспортер, релаксатор, седиште за во возило, када, хранилка, цуцла, шише и пелени за бебиња;

17. Училиштен прибор, и тоа: училишна торба (ранец), тетратка, молив, пенкало, блок, работна тетратка, боички, линијар, шестар, пластелин, острило, гума и коректор;

18. Пелети, печки на пелети и котли на пелети и

19. Топлинска енергија за греење.

(2) Повластената даночна стапка од 5% се применува и на прометот на следниве услуги:

1. Превоз на лица и нивниот придружен багаж;

2. Софтвер за машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери);

3. Услуги за одржување на јавна чистота и отпремување на отпад;

4. Услуги на сместување (ноќевање) или сместување со појадок, полупансион или полн пансион, во сите видови на комерцијални угостителски објекти и

5. Занаетчиски услуги коишто се вршат од страна на занаетчии коишто се запишани во занаетчиски регистар согласно со Законот за занаетчиство, и тоа:

(а) Поправка на:

- велосипеди,
- чевли и производи од кожа,
- облека и постелнина за домаќинството (вклучувајќи крпење и прекројување) и

(б) фризерски услуги.

(3) Владата на Република Македонија поблиску ги определува добрата и услугите од ставовите (1) и (2) на овој член кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност.